SYMPOSION

**П О К А Н А**
**за интерактивна обука на тема:**

**НОВИНИ ВО ПРАВИЛАТА И ПОЛИТИКИТЕ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ –**
**Како со нив ќе се надминат постојните проблеми**

**(18 декември 2018 во Хотел „City Park“ – Скопје)**

Ни претставува задоволство да Ве поканиме на интерактивната обука на тема: **„Новини во правилата и политиките за јавни набавки - како со нив ќе се надминат постојните проблеми“.**

Како да ги планирате и спроведувате јавните набавки согласно новините што ќе следуваат? Кон кои нови правила ќе треба да се придржувате? Дали отворените прашања и проблеми со кои се соочувате при спроведување на јавните набавки ќе се надминат со новините што ќе следуваат?

Оваа обука ќе ви даде одговор на овие прашања и ќе направи споредба на постојните решенија со решенијата кои се нудат. Ќе се презентираат новините со кои се поедноставуваат јавните набавки и се внесува одредена флексибилност при спроведување на истите. Особено внимание ќе се посвети на следниве фази од циклусот на набавки:

- Планирање на набавките;
- Претходна проверка на пазарот;
- Избор на постапка за јавна набавка;
- Подготовка на тендерската документација;
- Утврдување на критериуми за способност и критериуми за доделување на договорот;
- Управување со договорот и негово менување.

Работилницата е наменета за претставници и на договорните органи и на економските оператори. Исто така, замислена е да биде од интерес за сите лица чие работење е директно или индиректно поврзано со јавните набавки.

Вашите придобивки од учеството на оваа обука ќе бидат: стекнување знаења за новите правила за јавните набавки, за тоа како да ги примените истите (особено во делот на темите кои ќе бидат презентирани), како и можност да размените искуства со претставниците од други договорни органи и економски оператори кои се среќаваат со исти предизвици приработењето со  јавните набавки.

Ценејќи ја репутацијата, професионалните знаења и вештини на предавачот, очекуваме квалитетна обука која е во функција на унапредување на вашето знаење за јавни набавки и негова примена во пракса.

Друштво за едукација, консалтинг
и други интелектуални услуги
СИМПОЗИОН ДОО – Скопје

ул. Франклин Рузвелт 54/1-16
**e-mail:** info@simpozion.mk
**тел.:** 078 271 576
**www.simpozion.mk**

SYMPOSION

Почитувани, Ве информираме дека имате можност, со котизација од **4.950 денари + 18% ДДВ** да учествувате во оваа исклучително интересна и полезна интерактивна обука од областа на јавните набавки, со вклучени кафе-пауза, ручек, сертификат за учество и работен материјал од обуката**.** За две или повеќе пријавени лица од иста институција, **следува попуст од 10%.**

Заради квалитетот на обуката, бројот на учесници е ограничен. Затоа, доколку сакате да бидете дел од истата, Ве молиме да го пополните **пријавниот лист** што Ви го испраќаме во прилог (истиот го има и на нашата веб страна: http://simpozion.mk/), најдоцна **до 14 декември 2018 г**. и да го испратите на следната електронска пошта: info@simpozion.mk

**Информации за уплата на котизација за обуката**:

Примач: СИМПОЗИОН ДОО – Скопје
Адреса: ул. Франклин Рузвелт 54/1-16
Сметка бр. 210071635330103
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје
ДБ за ДДВ: МК4080016561868
**Контакт тел.бр:** 078 271 576